# ЧУДОТВОРНАТА ИМЕЛА

**Силвана Пехмолер,**
терапевт по алтернативна медицина



Постојат приближно 1.400 растенија , кои во најширока смисла се означуваат како имела. Лековите против карцином се произведуваат исклучително од белата имела (Viscum album).

Имелата е грмушка - паразит што расте на дрва, образува висулец, со помош на кој се прицврстува за дрвото, останува зелен со години и не може да изумре. Се храни од тоа што ѝ стои на располагање од дрвото на кое расте и дава плод во зима.

Екстрактот од имела ја штити генетската супстанција (ДНА) на здравите клетки од штетните влијанија на клеточните отрови (цитостатици). На тој начин хемотерапијата и зрачењата подобро се поднесуваат и кај здравите клетки предизвикуваат помалку штетни последици. Овој ефект досега е забележан единствено од примената на вкупниот екстракт од имела, а не од изо-







лираниот лектин од имела (една од најважните состојки).

Имела-грмушката (паразитот) не ги содржи сите состојки во постојан состав, нејзините концентрации варираат. Таа содржи мешавина од ензими, шеќери, протеини и сулфур, кои содржат соединенија, масти и растителни бои (флавоноиди). Во лето, на пример, содржи повеќе вискотоксини, во зима повеќе лектини. Имела-екстрактите се воден екстракт од свежи, млади фиданки од имела (листови, стебленца, цветови, плодови). Тие се берат четирипати годишно со цел да се искористат различните фази од развојот на растението. Имелите се проверуваат во поглед на сите можни штетни состојки, се чистат рачно и механички се ситнат. При температури меѓу 14 и 20 Целзиусови степени од четирите берби се добиваат два водни екстракта и најпосле се прави филтрирање. Затоа нејзините екстракти се состојат од мешавина на летна и на зимска берба. Се води сметка и на кое дрво-домаќин расте. Постои Viscum album A (abietis = елка), M (mali = јаболкница) и P (pini = бор). Терапијата со имела , која со векови се применува во светот, не е алтернатива кон конвенционалната школска медицина, туку дополнување кон една интегративна терапија против рак. Приближно 80 отсто од пациентите со тумор ги применуваат препаратите од имела.

Подготвена во лек - екстрактот од имела се дава со инјекција бидејќи поинаку може да се уништат чувствителните природни супстанции преку дигестивните сокови на цревата на човекот.